Јавна установа
Institucioni publik
ДЕТСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР КАРПОШ
QENDRA KULTURORE PËR FËMIJË KARPOSH
Скопје, Република Северна Македонија
Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut

Број/numër 08 - 112

Дата/data 21.02.2023

детски културен центар
КАРПОШ

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ НА

# ЈУ. ДЕТСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР – КАРПОШ

# за 2022 година

СКОПЈЕ,2023

**ВОВЕД**

Детски културен центар - Карпош е реномирана градска институција, со традиција повеќе од седум децении.

Детскиот културен центар - Карпош спроведува креативни, модерни и интерактивни програми, секции и работилници кои ги следат социјалните појави и трендови, во согласност со интересите на децата и младите. За време на своето постоење, Детскиот културен центар - Карпош зачува сè што е добро и го надополнува со современи методи на работа, следејќи ги потребите и желбите на корисниците.

Насочен кон истражување и откривање на потенцијалот и талентите на децата и младите во сите области на културата, Детскиот културен центар - Карпош се стреми да комуницира директно со децата и младите преку своите активности и секции, насочувајќи ги кон стекнување потреба од уметничко искуство, знаење и забава.

Детски културен центар - Карпош користи едукација, вмрежување, децентрализација на активности како клучни инструменти, создава знаење и производи на уметничка активност, пренесува знаење од други средини во средината во која работи и е отворен за нови решенија и нови културни и уметнички области. Детски културен центар - Карпош е референтна институција во областа на меѓународната културна соработка во областа на детската уметност и култура и е организатор и реализатор на повеќе детски меѓународни манифестации за деца и млади во земјата.

Детски културен центар - Карпош ги насочува своите активности пред се кон основната целна група, децата и младите, како директни потенцијални корисници, потоа кон нивните родители и другите учесници во развојот на културните потреби, стручни соработници од областа на културата и образованието за деца и млади.

Директор:
д-р Билјана Лалчевска Серафимовска

# *ЛИЧНА КАРТА НА ДЕТСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР – КАРПОШ*

Локација




Основни информации

Адреса: бул. Илинден број 53, 1000 Скопје

## *МАТЕРИЈАЛНО-ТЕХНИЧКИ РЕСУРСИ*

- Центарот се состои од два ката и сутерен во вкупна површина на зградата од 540м2
- Дворот е со површина од околу 490 м2 и е хортикултурно уреден.
- **Вкупен број на простории во центарот: 11**

Канцеларии: 5

1. Сали за изведбени активности 2
2. Експериментална лабараторија 1
3. Просторија за музички активности 2
4. Просторија за ликовни активности 1

## МИСИЈА

Позиционирање во општеството на културни и воспитно - образовни активности за деца и млади, преку иновации и следење на современи трендови во културата и личниот развој кај децата и младите.

## ВИЗИЈА

Зајакнување на позицијата на врвот на пирамидалната структура во системот на институции кои се занимаваат со култура за деца и млади, што систематски ќе даде конкретен придонес кон развојот на креативноста и ќе постави стандарди во развојот на креативна, иновативна и холистичка личност кај деца и млади.

## МОТО

Квалитетното минато слободно време на децата е темел за нашата подобра иднина!..
БИДИ ДЕЛ ОД НАС!

## ПРИНЦИПИ

Во извршувањето на дејноста која е од јавен интерес, се почитуваат следниве принципи:

- ✓ сигурност во давањето на услугите,
- ✓ континуитет и квалитет на услугата,
- ✓ транспарентност, достапност и заштита на корисниците,

Повеќе од 70 години детското творештво било и во иднина ќе биде синоним на работата на ЈУ. Детски културен центар - Карпош. Досегашната девиза беше и останува да се биде постојано присутен и актуелен центар на децата и младите во градот Скопје и пошироко. Нашиот магичен прозорец кон иднината е проширена дејност и надградба на досегашната работа и различни активности со сите атрибути на младоста која има еруптивен карактер. Детскиот културен центар - Карпош ги интегрира децата од предучилишна до 17 годишна возраст во активностите на Центарот, а преку него ги интегрира во општествениот живот на градот и државата, односно овозможува дидактички прилагодена интеграција на децата во културно-општествениот живот. Индивидуалниот развој на децата е насочен кон остварување долгорочна општествена стабилност и сигурност, преку креативни, педагошки, забавни и креативни активности.

Основата на Центарот ја сочинува масовното членство на децата во него и разновидните содржини кои тој ги нуди и обезбедува со постојана подготвеност за развој, следејќи ги потребите и интересите на децата. Со ова се наложува неопходноста од создавање препознатлива и трајна физиономија на Центарот на сите нивоа од општествениот живот со тежиште тој да прерасне во функционална заедница на децата и спрега помеѓу нив и етаблираното општество. Со тоа се овозможува едноставен и брз пристап на децата до сите интересни сфери за нив, но обратно, се отвара можност за активна партиципација на сите општествени структури во Центарот.

Од своја страна Центарот ги усвојува и ги развива современите едукативно-педагошки содржини и форми преку постојан контакт со исти или слични организации во земјата и надвор од неа и преку следењето на постоечките трендови во интересните области. Вака Центарот добива димензија на долгорочен културно-општествен едукатор за децата.

Центарот ги дефинира вредностите во општеството преку размена на искуства со организации од сличен карактер, НВО и економски субјекти и дидактички ги аплицира во својата секојдневна работа.

Поконкретните задачи се од типот на проширување на активностите на Центарот во насока на Европските стандарди со осмислено вреднување и изведување.

За активностите на Центарот во смисла на негово презентирање во градот, земјата и странство ќе се исползува секој настан на општинско, градско и државно ниво каде што има можност за негова афирмација и популаризација. Со сублимирање на сите квалитетни активности од училиштата во градот, Центарот има функција на призма преку која се

врши своевиден пресек на степенот на културно-општествениот развој на децата во училиштата.

Исто така, од сериозно значење е постојаното систематско и професионално присуство на Детскиот културен центар - Карпош во сите медиуми како во вид на презентација на Центарот, така и со сопствени активности, а од уште поголемо значење за него е осмислувањето и спроведување стратегија за привлекување донатори, спонзори, волонтери и поддржувачи на Детскиот културен центар - Карпош.

Севкупните активности на Детскиот културен центар-Карпош се изразуваат преку следните секции:

| **СЕКЦИИ** | **РАБОТИЛНИЦИ** |
|---|---|
| | |
| ФОЛКЛОРНА | ЕТНО КРЕАТИВНО КАТЧЕ |
| БАЛЕТСКА | |
| ЛИКОВНА | |
| ИЗУЧУВАЊЕ НА КЛАСИЧНА ГИТАРА | |
| ИЗУЧУВАЊЕ ТАПАН, ГАЈДА... | |
| ПИНГ - ПОНГ | |
| ХОРСКО ПЕЕЊЕ | |
| ШАХ | |
| ПРИРОДНИ НАУКИ | |

Покрај редовно одржување на секциите, Детскиот културен центар – Карпош реализира и внатрешни и надворешни манифестации:

| ***ВНАТРЕШНИ МАНИФЕСТАЦИИ ОРГАНИЗИРАНИ И РЕАЛИЗИРАНИ ОД ДКЦ - КАРПОШ*** | ***НАДВОРЕШНИ МАНИФЕСТАЦИИ ПОДДРЖАНИ ОД ГРАД СКОПЈЕ*** |
|---|---|
| | |
| Играм и пејам за мојата мајка | Меѓународен фестивал на класична гитара „Темоло |
| Го градам мојот град | ЗОО Азбука 4 |
| Предновогодишен концерт - ЈАВЕН ЧАС – балетска секција | Развиваме и градиме млади таленти (работилници) |
| Цртање на асфалт | Оро без граници |
| Ученичка квизотека | Инструментите на моите предци |
| Фото конкурс – Мојот миленик | Фестива за класичен балет и модерен танц |

| | |
|---|---|
| Гостувања со фолклорна секција | Фестивал на детска креативност-ТРАМБОЛИНИ |
| Ден на здравје - Крос трка | Работилници за креативно менторство |
| Настап на детскиот градски хор ,,Гласот на децата на Скопје" на годишен настан во СОС Детско село | Читачки маратон |
| Ликовен конкурс по повод 1 ви Април | Распеани хорчиња |
| Проект- Играме заедно | Меѓународни гостувања |
| Летно училиште за турски јазик заедно со Yunus Emre Enstitüsü | |
| Бела ноќ | |
| Концерт на класична гитара на Георги Трајков | |
| Турнир во Пинг - Понг и Шах | |
| Движи се за здравје | |
| Едукативна работилница за културно наследство | |
| Етно креативна работилница | |
| Изложба-Филип Циглењак Симоновски | |
| Фото конкурс – Мојот миленик | |

Во понатамошниот текст поткрепено со текст и фотографии е претставена работата на ДКЦ - КАРПОШ за 2022 година.

## I. МАНИФЕСТАЦИИ, ПРОЕКТИ И ИЗЛОЖБИ ФИНАНСИРАНИ ОД ГРАД СКОПЈЕ

1. Развиваме и градиме млади таленти ( работилници)

2. Работилници за креативно менторство

3. Читачки маратон

4. Распеани хорчиња со детскиот градски хор „Гласот на децата на Скопје“

5. Меѓународен фестивал на класична гитара - Тремоло

6. Инструментите на моите предци

7. ЗОО Азбука - 4

8. Фестивал за класичен балет и модерен танц

9. Фестивал на детска креативност-ТРАМБОЛИНИ

10. Оро без граници

11. Меѓународни гостувања - Гостување на фолклорната секција при ЈУ. Детски културен центар - Карпош во Кушадаси, Р.Турција

## II. ВНАТРЕШНИ МАНИФЕСТАЦИИ, ПРОЕКТИ И ИЗЛОЖБИ НА ДКЦ - КАРПОШ

1. Играм и пејам за мојата мајка
2. Настап на детскиот градски хор ,,Гласот на децата на Скопје" на годишен настан во СОС Детско село
3. Ученичка квизотека - 2022/2023
4. Ликовен конкурс по повод 1 Април
5. Ден на здравје – Крос трка
6. Цртање на асфалт
7. Летно училиште за турски јазик заедно со турски културен центар Јунус Емре
8. Учество во хуманитарна манифестација – Играме заедно
9. Учество во „Бела ноќ“
10. Концерт на класична гитара на Георги Трајков
11. Турнир во Пинг - Понг и Шах
12. Движи се за здравје
13. Го градам мојот град
14. Едукативна работилница за културно наследство
15. Етно креативно катче
16. Изложба - Филип Циглењак Симоновски

17. Фото конкурс – Мојот миленик
18. Предновогодишен јавен час - презентација на секциите на ДКЦ „Карпош“

## III. КАПИТАЛНИ ИНВЕСТИЦИИ ОД ГРАД СКОПЈЕ

1. Изработка на основен проект за санација и реконструкција
2. Санација и реконструкција на сутерен и спрат во објект

## IV. СТАТИСТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА УЧЕСНИЦИ

## V. ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ

# I. МАНИФЕСТАЦИИ, ПРОЕКТИ И ИЗЛОЖБИ ФИНАНСИРАНИ ОД ГРАД СКОПЈЕ

## 1. Развиваме и градиме млади таленти

По четврти пат, со времетраење од еден месец од почеток на месец март па се до крајот на месец април, успешно се реализираше проектот „Развиваме и градиме млади таленти". Овој проект содржи низа работилници од македонското народно творештво во кој земаа учество деца од основните училишта и градинки од Град Скопје.

ДКЦ Карпош со овој проект кој е поддржан од Град Скопје, ги поттикнува децата уште од мала возраст да го откријат својот талент и љубовта за етно уметноста, односно за македонското народно творештво.

Оваа година проектот покрај тоа што ги опфати децата од градинките и основните училишта, се даде можност да се земе учество преку електронска пријава за децата од 6 до 11 години. Децата имаа можност да се пријават и за работилниците кои се одржуваа и во просториите на ДКЦ Карпош.

Уште од најрана возраст кај денешните деца се забележува дека се исклучително напредни и покажуваат вештини со кои знаат да воодушеват и да не изненадат.

На 15 работилници, својот потенцијал, вештини и љубов кон македонското народно творештво ја покажаа 174 деца. Работилниците се реализираа во ООУ „Љубен Лапе", ООУ „Песталоци" и ООУ „ Киро Глигоров" и во градинка „Орце Николов".

Децата имаа можност да се запознаат со македонското народно творештво и да изработуваат накит, филигран од срма (пафта), работеа со волница, конец, со кои украсуваа стаклени шишиња и од сето тоа произлегоа прекрасни украси кои се синоним на македонското народно творештво. Со овие едукативни работилници целта беше постигната, бидејќи кај децата се поттикна истрајноста во реализирање на замисленото и преку овие интересни работилници тие станаа свесни за талентот што го поседуваат. Децата научија многу, научија кои инструменти , накит и украси се дел од македонското народно творештво и сите кои учествуваа на овие работилници се насочија кон градење на својот талент и успешно ги промовираа и афирмираа нивните таленти.

Сите ученици кои беа учесници на работилниците од македонско народно творештво добија сертификати за учество во работилниците.













## 2. Работилници за креативно менторство

ЈУ. Детскиот културен центар - „Карпош" од 28 март до 31 мај 2022 година, по четврти пат, низ низа работилници ги реализираше работилниците за креативно менторство. Работилниците се концепирани на начин каде се работи на размена на знаење и искуство на релација ментор - учесник на претходно утврдени теми.

Работилниците за креативно менторство се наменети за деца и млади од 12 - 16 годишна возраст и имаат за цел да ја сублимираат креативноста и креативните потенцијали на младите, како основа за понатамошен раст и развој на ученикот.

Изборот на едукаторите за работилниците за креативно менторство се реализираше преку јавен повик. Работилниците се одвиваа на различни локации на отворен простор ( теренска работа) и во просториите на ДКЦ Карпош. Учениците -учесници на овој проект со експерти – ментори и низ серија предавања и посета на културни објекти постигнаа повисоко ниво на креативност и инвентивност, а сето тоа се преточи во завршен производ од областа на креативните индустрии. Учениците кои се пријавија за учество во работилниците кои беа нивни интерес, успеаа да го надградат и развијат своето знаење, да научат нешто ново, да се пронајдат себе си за на крај да ја промовираат својата работа.

На работилниците по Дигитална фотографија, Древни сликарски техники-иконопис, Од Глинамол до Арт Деко – керамика, работилница која се одвиваше во Археолошкиот музеј, како и Skopje VLOGGING TOUR или млади туристички водичи - влогери, се пријавија и учествуваа 80 ученици, односно на 4 работилници по 20 деца имаа можност да ја истакнат својата креативност согласно својот афинитет. Учениците имаа можност директно да се вклучат во работилниците и предавањата и преку нивна директна ангажираност во полето на културата да ја постигнат посакуваната цел. Со поддршка на едукаторите кои го дадоа својот максимум во изведба на овие креативни работилници мораме да истакнеме дека младите креативци беа пресреќни од трудот кој го вложија и со голем ентузијазам работеа на работилниците и на крајот со гордост ги претставија своите ремек дела.

На општо задоволство на сите нас, по четврти пат интересот за ваков тип на креативни работилници и оваа година беше голем, со што можеме со сигурност да кажеме дека сме ја постигнале целта. Самите ученици покажаа дека им треба едно вакво освежување и со голем ентузијазам доаѓаа на работилниците.








ВАРДАР
22.





## 3. Читачки маратон

Читачки маратон е проект каде се креираат можности за авторите што пишуваат литература за деца и млади. Горди на уште еден наш проект, а инспирирани од минатогодишниот успех на романот „Ловци на лажни вести од зграда 39“ од писателот Огнен Неделковски, Детски културен центар „Карпош“ со поддршка на Град Скопје во рамките на манифестацијата „Читачки маратон“, годинава по втор пат го распиша и го реализираше Конкурсот за оригинално прозно дело за тинејџерска возраст, во жанрот роман, новела или збирка раскази. За таа цел, беше именувана трочлена комисија, која веднаш пристапи кон утврдување на критериумите за конкурсот. Критериумите во конкурсот беа: пријавените книжевни дела (роман, новела, подолг расказ...) треба да имаат наративна форма, да имаат најмалку 50 компјутерски страници, да бидат наменети за деца од 10-15 годишна возраст, да бидат напишани на македонски јазик и да не биле досега објавувани. Конкурс за оригинално прозно дело за тинејџерска возраст се објави на 10.02.2022 година.

Трочлената стручна комисија на чело со Александар Прокопиев како претседател, го избра ракописот „Улицата изгрејсонце“ на Весна Апостоловски.

Промоцијата на овогодишниот избран роман за тинејџери „Улицата изгрејсонце“ на авторот Весна Апостоловски, оваа 2022 година во соработка со Градска библиотеката „Браќа Миладиновци“ - Скопје ја доживеа својата промоција токму во библиотеката на 02.09.2022 година од 19.00 до 20.00 часот.

Литературата за тинејџери е во недостиг на читателската публика и затоа ние како институција ја започнавме оваа иницијатива. Со оваа иницијатива им даваме можност на тинејџерите да имаат своја достапна литература. Секако оваа идеја ја поврзуваме и со Уличните библиотеки кои се веќе четврта година актуелни во нашиот град, па и овој роман ќе се најде во истите.


Весна Апостоловски
Улицата
ИЗГРЕЈСОНЦЕ






ЈУ Детски културен центар
КАРПОШ





## 4. Распеани детски хорчиња - „Гласот на децата на Скопје“

Во Градски парк на ШКОЛКА, од 12.00 до 13.00 часот, на 14.05.2022 година, ЈУ. Детски културен центар – Карпош, ја организираше и реализираше промоцијата на новото 4-то ЦД со уште 10 нови, детски хорски песни, изведени од страна на детскиот градски хор „Гласот на децата на Скопје“. Детскиот градски хор „Гласот на децата на Скопје“ е наменет за деца и млади кои поседуваат исклучителен талент по соло и хорско пеење. Преку аудиции во текот на годината се избраа талентирани деца кои се дел од хорот, кој од година во година го зголемува своето членство.

Оваа година за настанот т.е за промоцијата на новото ЦД имаше голем интерес. Секоја промовирана песна беше пропратена со автентична кореографија. Публиката, а особено децата кои го следеа настанот уживаа во секоја изведена песна, пееја заедно со децата од хорот и успеаа да ја научат и кореографијата на песните. Глетката беше прекрасна, децата од публиката пееја и играа на секоја песна и сета изведба се претвори во голема забава. Уште едно ЦД со уште 10 нови оригинални песни е уште еден доказ дека децата ја сакаат хорската детска музика и овој детски градски хор е вистинско освежување на детската музичка сцена.











детски културен центар
КАРПОШ
ГРАД СКОПЈЕ
ГЛАСОТ НА ДЕЦАТА НА СКОПЈЕ
SKOPJE KIDS' VOICE



## 5.Меѓународен фестивал и натпревар за класична гитара ТРЕМОЛО

ЈУ Детски Културен Центар - Карпош од 1.06 до 08.06.2022 година успешно го организираше и реализираше 13-то издание на Меѓународниот фестивал и натпревар за класична гитара - Тремоло, кој е прв и единствен од ваков вид во нашата земја. Со успешна реализација на Фестивалот - Тремоло, Детскиот Културен Центар - Карпош дава голем стимул и поддршка за развој и промоција на овој вид на уметност во земјата.

На Фестивалот се одржаа четири концертни вечери и натпревари во виртуелно издание. Натпреварите се одржаа во сите 7 ученички, средношколски и студентски категории на кој се пријавија 35 напреварувачи.

Овогодишното 13-то издание на Меѓународниот фестивал и натпревар за класична гитара - Тремоло на 04.06.2022 во 19.30 часот во Даут Пашин Амам го отворија, Директорката на ДКЦ - Карпош д-р Билјана Лалчевска Серафимовска и Уметничкиот директор на Тремоло Дарко Багески, а потоа фестивалот продолжи со концертот на минатогодишниот победник на фестивалот Тремоло 2021, Лука Романели од Италија.

На вториот концерт публиката уживаше во звуците на гитарата изведени од Милош Вуковиќ од Србија. Концертот се одржа во 19.30 часот на 06.06.2022 во Музејот на македонската борба.

Третиот концерт се одржа во Македонската филхармонија на 07.06.2022 од 19.30 часот, а публиката уживаше во концертот изведен од виртуозот на фламенко, Хозе Карлос Гомез од Шпанија. На овој концерт, како публика, беа присутни, амбасадорот и заменик амбасадор на Шпанија, како и целиот тим на Шпанската амбасада во Скопје. На концертот исто така беа и претставници од Германската, Шведската, Хрватската, Чешката и амбасадата на Кина во РС Македонија.

Со четвртиот концерт со гордост можеме да кажеме дека успешно го завршивме интернационалниот фестивал и натпревар по класична гитара Тремоло, кој се одржа исто така во Македонската филхармонија на 08.06.2022 со почеток од 19.30 часот на кој настапуваше неповторливиот Горан Кривокапиќ од Црна Гора.

Членови на интернационалното жири од странство и од нашата држава, оваа година на Меѓународниот натпревар за класична гитара Тремоло беа: Џевдет Сахатџија од Хрватска/Косово, Горан Кривокапиќ од Црна Гора, Хозе Карлос Гомез од Шпанија, Стела Митева Динкова од Бугарија, Зоран Аниќ од Србија, Борче Наумовски РС Македонија, Љубомир Наќевски РС Македонија, Стефан Трифан од Романија, Ерхан Мујка од Косово.

Главната награда од ова издание на фестивалот Тремоло кој ја освои му припадна на младиот надежен гитарист од Романија, Богдан Михаилеску.

За 13 фестивал беше објавено во многу пишани и електронски медиуми и портали. За Фестивалот на ТВ каналот МРТВ, ТВ Сител, говореше Директорката на ДКЦ „Карпош“ Д-р Билјана Лалчевска Серафимовска.










The winner of the
TREMOLO
International Festival & Competition
2022
IS
BOGDANN MIHAILESCU
Romania


TREMOLO
GUITAR FESTIVAL
&
COMPETITION
2022
WINNERS BY CATEGORY
Mini Kategorija - Buna Latifi
I kategorija - Boris Vladov
II kategorija - Raphaël GREVIN
III Kategorija - David Kostov
IV Kategorija - Martin Nikolov
V Kategorija - Emilija Petrovska ( II place)
VI Kategorija - Matija Bajic
tremolo
international guitar festival

## 6.Инструментите на моите предци

Детскиот културен центар - Карпош од 15–18 април го организираше и реализираше фестивалот и натпревар на народни и класични инструменти „Инструментите на моите предци“.

Манифестацијата се реализираше во два дела, ревијален и натпреварувачки дел.

На ревијалниот дел во Салон 19/19 – во Културно информативниот центар со почеток во 19.30 часот, со звукот на тапанот и со настап на членовите кој ја посетуваат музичката секција за изучување на традиционални инструменти во ДКЦ Карпош, како и со настап на познати македонски виртуози, започна четвртото издание на фестивалот на народни и класични инструменти, „Инструментите на моите предци“. Покрај народниот детски оркестар при ДКЦ Карпош, на ревијалната вечер, публиката имаше задоволство да ужива во изведбите на неповтроливиот Стефче Стојковски, некогашен член на ДКЦ Карпош, кој воедно во натпреварувачкиот дел, оваа година беше и член на жири комисијата. Исто така на отворањето свои изведби имаа и Боби Спасенцовски, Љупчо Соколовски, Стеван Христовски и Милан Кацарски, како и уметничкиот директор на фестивалот Новица Соколовски. Оваа година поддршка на фестивалот дадоа и ДМБУЦ Илија Николовски Луј под менторство на проф. Мелита Ивановска и дуото хармоники од школата за изучување на хармоника на проф. Милан Кацарски. На овој ревијален дел преку звукот на народните изворни инструменти, публиката отпатува во различни предели и региони на нашата држава.

На 16 април исто така во Салон 19/19 се одржа и натпреварувачкиот дел кој се состоеше од две посебни дисциплини

- Изворни инструменти и состави
- Класични инструменти и состави

Повеќе од 40 натпреварувачи беа поделени во три категории. Прва категорија до 14 години, втора категорија до 16 години и трета категорија до 18 години. На победниците и на учесниците во сите категории им се доделија дипломи, а гран при наградата отиде во рацете на натпреварувачите од машката вокална група од насоката за традиционална музика и игра со својот ментор проф. Мелита Илиевска.

Преку овој фестивал и културно натпреварување на народни и класични инструменти, преку магијата на звукот на: кавалот, тамбурата, тапанот, кларинетот, гајдата, хармониката, децата кои беа во голем број, ни покажаа дека сеуште има голема желба и љубов за изучување на народни изворни инструменти.

Со овој фестивал „Инструментите на моите предци“, преку звукот на народните инструменти, ги раскажуваме народните приказни кои зборуваат за минатото, а во сегашноста ја градат иднината поставувајќи нови темели за збогатување на културното наследство.










ИНСТРУМЕНТИТЕ
НА МОИТЕ ПРЕДЦИ
THE INSTRUMENTS
OF MY ANCESTORS
YAMAHA


ИНСТРУМЕНТИТЕ
НА МОИТЕ ПРЕДЦИ
THE INSTRUMENTS
OF MY ANCESTORS
YAMAHA

## 7. ЗОО Азбука 4

Детски културен центар „Карпош“ со поддршка на Град Скопје успешно го промовираше и реализираше мултимедијалниот проект насловен како „Зоо Азбука 4“. Проектот беше реализиран во „Зоолошка градина“ на 04.06.2021 година од 12.00 часот. На промоцијата беа изведени песните од новото четврто издание на музичко едукативно ЦД со 5 нови песни и боенка.

Промоцијата на „Зоо Азбука“ 4, на наше големо задоволство се реализираше успешно исто како и изминатите три изданија ЗОО Азбука 1, 2 и 3. Четвртото издание беше со пет нови песнички за животните: бизон, гибон, јагуар, рис и окапи, животни кои се жители на Зоолошката градина. Песничките беа испеани од пет талентирани деца, а како придружбата на промоцијата учествуваше и хорот на ДКЦ „Карпош“, „Гласот на децата на Скопје“.

Како гости оваа година беа децата од градинката „Светот на колорес“, како и децата посетители кои се најдоа во тој момент во Зоолошката градина. Сите тие имаа можност да цртаат и бојат во новата боенка од ЗОО азбука 4, а воедно и да уживаат во новите рефрени за уште 5 животни. Како вовед пред секоја песничка со интересни приказни за животните, за тоа како ги чуваат, што јадат, во какви услови живеат и од кој континент се пристигнати, им раскажа познатиот ZooKeeper  Bojo Иванов.

Проектот беше покриен од повеќе пишани и телевизиски медиуми.


ЗОО АЗБУКА 4
5 НОВИ ХИТОВИ!
ЦД, БОЕНКА
И НОТНА ТЕТРАТКА
детски културен центар
КАРПОШ
SKOPJE ZOO




МУЛТИМЕДИЈАЛНА
БОЕНКА И ПЕСНАРКА




МУЛТИМЕДИЈАЛНА
БОЕНКА И ПЕСНАРКА



## 8.Фестивал за класичен балет и модерен танц

Љубителите на балетската уметност и модерниот танц од 14.06 до 16.06.2022 година можеа да уживаат во Фестивалот за класичен балет и модерен танц кој е единствен во државата. Во Националната опера и балет, ЈУ Детски културен центар „Карпош“ со поддршка на Град Скопје и Националната опера и балет, публиката уживаше во реализацијата на второто издание на овој фестивал кој во три балетски вечери со одлични перфоманси и прекрасните танци ја крена публиката на нозе. Отворањето на фестивалот беше вистински спектакл.

На 14.06. од 20.00 часот скопската публика доживеа вистинско уживање со претставите Шехерезада и Валпургиска ноќ, претстава која се игра дури после 73 години. Претставите беа изведени од Ансаблот на Националната Опера и Балет.

Во фоајето следеше доделување на благодарници и значајно потсетување и чествување на Александар Доброхотов, на кого постхумно, на семејството, му беа доделени награда за животно дело и статуетка. Фестивалот свечено го отвори директорката на ДКЦ „Карпош“ д-р Билјана Лалчевска Серафимовска. Своето сеќавање за Доброхотов го сподели, Емилија Џипунова, а имаше и видео проекција наменета за Доброхотов каде зборуваат прима балерината Натка Пенушлиска Митревска и доајенот на балетската уметност Екрем Хусеин за неговите достигнувања во балетската уметност. За фестивалот говореше и Уметничкиот директор на фестивалот Маја Каревски, магистер по балетска педагогија.

На сите три фестивалски вечери, публиката имаше можност да погледне и да ужива во класичниот балет, во модерните танци, во прекрасните костими и кореографии изведени од деца, од најмалите 3 годишни до тинејџери од 18 години.

На втората фестивалска вечер на 15.06. од 20. 00 часот, публиката уживаше во изведбите на голем број балетски студија од целата држава. Публиката имаше можност да погледне 200 балерини и балетани, членови на балетските студија. Први настапија децата-членови од балетската секција при Детски културен центар „Карпош“. Потоа следеа, Балетско студио „Балерина", соло изведба на Оља Тодоровска која е дел од балетското студио на Детски културен центар „Карпош“, Балетско студио Diadema,- Скопје, Dance Studio ULTRA од Куманово, Beatrix Crew, iDance Studio од Гостивар, Mak Dance Studio од Куманово, ООМБУ Лазо Мицев - Рале.

Третата фестивалска вечер се одржа на 16.06. од 20.00 часот, а фестивалот беше затворен со балетски точки изведени од талентираните балерини при балетскиот оддел на Илија Николовски Луј и Факултетот за музичка уметност – оддел балетска педагогија. На третата вечер посебно внимание беше посветено на младата балерина Стефанија Гештарска и беше доделена благодарница и статуетка, бидејќи е единствена од нашата држава во историјата на македонскиот балет, која своето школување го започна во балетското училиште во Скопје, а го продолжи и го заврши како најдобар студент, со многу признанија во најпрестижната школа за балет, Болшој балетска Академија во Русија.


ДЕТСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР КАРПОШ











## 9.Фестивал на детска креативност –ТРАМБОЛИНИ

Детски културен центар „Карпош“ е секогаш подготвен да ги разбуди креативните вештини на децата и со поддршка од Град Скопје по трет пат од 09.06 до 21.06. 2022 година го организираше и реализираше Фестивалот на детската креативност „Трамболини“. Работилниците беа од различни области за деца од 5 до 18 години, а се пријавија над 100 деца.

Работилниците по програмата на Трамболини започнаа на 09 јуни со по 3 работилници дневно. Работилниците беа од различни области кои се реализираа на теми каде можеше децата културно да се воздигнат, но и работилници каде децата го развија својот креативен потенцијал.

Оваа година се одржаа работилници насловени како: Мали Ботаничари, Мојата креативна торбичка, Ликовна работилница, Господин Бушавко (работилница на турски јазик), Мјузикли за деца и младинци- Broadway JR, со изведбата на легендарниот мјузикл Ени, Работилница по танц со DanceStudio Vibe, Временски патници во Музејот на Современа Уметност-Скопје, Креативното пишување во Градска библиотека „Браќа Миладиновци“, Градот на Балтазар - млади алхемичари, Малите археолози - археолошката локација Тумба Маџари, Стоп анимација, Личен развој, Кино дворче во соработка со Кинотека на Република Северна Македонија, работилница - Модни додатоци од глина како моден детал и дебата во Europe House Skopje на која се дебатираше за детската креативност и детската книжевност со проф. д-р Весна Мојсова - Чепишевска, проф. д-р Ана Мартиноска и психологот и психотерапевт Радмила Живановиќ. Дебатата ја водеше Ана Јовковска.

Затворањето на Трамболини беше на 21 јуни од 20.00 до 22.30 часот на Школка во Градски парк.

Во рамките на затворањето на фестивалот се наслика големо платно од моменталната инспирација од фестивалот, а главните сликари беа членовите од ликовната секција при ДКЦ – Карпош. Богата програма беше прикажана на затворањето на фестивалот каде учество земаа жонглери, пантомимичари, настап на детскиот хор „Гласот на децата на Скопје“, настап на балетската секција на ДКЦ - Карпош и се разбира како посебно изненадување, работилницата – насловена како Потрага по изгубеното богатство. За прв пат на фестивалот беше изведен мапиран балетски перформанс со анимација која одеше на позадината на Школка во Градски парк.

Детски културен центар Карпош и оваа година со разновидните работилници ги поттикна децата да ги изразат своите креативни вештини од областа на театарот, ликовната и музичката уметност, личен развој, отворената дебата со стручни лица на тема за креативност, природни науки, филмски проекции, танц, изложби, натпревари. Децата на овој единствен фестивал успеаа да совладаат нови техники на креативно изразување на забавен и креативен начин.

Како институција Детски културен центар „Карпош“ успеа да им подготви креативен, забавен фестивал полн со детска креативност.






2022
ТРАМБОЛИНИ
EUROPE
HOUSE







## 10. Меѓународен детски фолклорен фестивал
## „ ОРО БЕЗ ГРАНИЦИ“

ЈУ. Детскиот културен центар - „Карпош “ во соработка со Град Скопје, од 16 до 18 септември 2022 година го организираше и реализираше 31-от Меѓународен детски фолклорен фестивал „Оро без граници“ – симбол на пријателство меѓу децата.

Фестивалот започна на 16 септември со низа работилници, кои се одржаа во центарот. Работилници беа насловени како „Орото вечна инспирација“. Покрај работилниците имаше и едукација и изложба на народни носии од различни региони од државата. Децата кои беа на работилниците изработија модни детали за носии (брошеви, колани, ланчиња, белегзии). Модните детали беа изработени од срма, монистри и други материјали специфични за македонските народни носии.

На фестивалот беа поканети и земаа учество гости од Србија – Крушевац, како и македонски ансамбли: фолклорната секција од ДКЦ „Карпош“, „Сушевски бисери“, „Српски вез“ од Куманово, „Ефрем Каранов“ од Кратово, „Емин Дураку“ и фолклорното друштво „Блажевски“ од Тетово.

Децата играорци преку шареноликоста на костимите и оригиналноста во кореографските движења ја претставија традицијата и културата и по 31 пат формираа едно големо оро без граници.

Централниот настан се одржа на 17 септемви во домот на АРМ од 19.00 часот, а фестивалот го отвори директорката на ДКЦ „Карпош“, д-р Билјана Лалчевска Серафимовска.

На огромно задоволство на Детскиот културен центар „Карпош“, на централниот настан имаше многубројна публика, љубители на орото и песната. ДКЦ Карпош со фолклорната секција ќе продолжи да го негува овој фестивал на народните песни и ора, со цел да се шири пријателство меѓу децата. Фестивалот ја покажува убавината и значењето на фолклорот, на орото и ги инспирира младите да ја продолжуваат традицијата долга 31 години.


ИНТЕРНАЦИОНАЛЕН ДЕТСКИ
ФОЛКЛОРЕН ФЕСТИВАЛ
ОРО БЕЗ ГРАНИЦИ


ОРО БЕЗ ГРАНИЦИ


ОРО БЕЗ ГРАНИЦИ


ИНТЕРНАЦИОНАЛЕН ДЕТСКИ
ФОЛКЛОРЕН ФЕСТИВАЛ
ОРО БЕЗ ГРАНИЦИ
INTERNATIONAL CHILDREN FOLK FESTIVAL
DANCE WITHOUT BORDERS


ОРО БЕЗ ГРАНИЦИ


ИНТЕРНАЦИОНАЛЕН ДЕТСКИ
ФОЛКЛОРЕН ФЕСТИВАЛ
ОРО БЕЗ ГРАНИЦИ

## 11. Меѓународни гостувања - Гостување на фолклорната секција при ЈУ Детски културен центар „Карпош“ во Кушадаси, Р.Турција

Од 18 до 22 мај 2022 година  децата - членови на фолклорната секција при ДКЦ-Карпош на покана беа учесници на Меѓународен детски фолклорен фестивал во Кушадаси. Р, Турција. Карпошовци имаа одличен настап и како вистински професионалци ги одиграа ората: Повардарие, Тропнало, Градски танци, Пајдушко оро. Фолклорците беа со овации и аплаузи испратени од присутната публика, на која и покажаа како се игра и негува македонскиот фолклор и традиција. Покрај концертот фолклорците беа почестени и од Градоначалникот на Кушадаси. Гордост е да се претстави својот фолклор на меѓународен фестивал.











## II. ВНАТРЕШНИ МАНИФЕСТАЦИИ, ПРОЕКТИ И ИЗЛОЖБИ НА ДКЦ - КАРПОШ

### 1. Играм и пејам за мојата мајка

Детскиот културен центар - Карпош и Град Скопје го организираа и реализираа музичко креативниот настан Играм и пејам за мојата мајка, каде преку танц, музика, цртање, и литературно творење се одбележа денот на жената, 8 Март. Главниот настан се одржа на 05.03.2022 година во Кинотека на РС Македонија со почеток во 12.00 часот, каде децата низ танц и музика упатија честитки кон сите жени, а особено кон своите мајки. На манифестацијата со свој репертоар настапија хорот при ДКЦ Карпош – „Гласот на децата на Скопје", малите балерини од балетското студио „Балерина“ како и фрагменти од мјузиклот „Убавицата и ѕверот“, во изведба на Студиото за детски мјузикли. Манифестацијата продолжи на 07.03.2022 година во 13.00 часот во соработка со ООУ. „Киро Глигоров“ со креативно пишување на тема „Со љубов за сите жени“, како и литературно поетско читање на поезија наменета за жената. Затворањето на манифестацијата беше на 08.03.2022 година со традиционалната изложба на цртежи од деца од предучилишните установи во Град Скопје и околината кои учествуваа на Конкурсот објавен на тема „Цртам за мојата мајка“. Децата од градинките изработија, честитки и цртежи на темата „Жена – мајка“ во кои се гледа нивната креативност и фантазија за тоа како си ги доживуваат своите мајки и која е улогата на мајката во нивниот живот и секако жената воопшто. Како гостинка оваа година ни направи чест Снежана Балканска- професионален играч и пејач- Инструктор по фолклор, првенец во НУ „Танец“, која зборуваше за својата професија.

Изложбата со детските творби беше поставена во просториите на ДКЦ „Карпош“. Истата беше презентирана и онлајн на 8.03.2022 г. во 10.30 часот на ФБ страната и YouTube каналот на Центарот, како би ја видела и пошироката публика.

https://www.youtube.com/watch?v=-y02CzIYKsc&t=13s

https://www.youtube.com/watch?v=U1Ng3zFTBZc&t=5s








## 2.Настап на детскиот хор „Гласот на децата на Скопје“ на годишен настан во СОС Детско село

На 12.03 во СОС Детско село, детскиот градски хор ,,Гласот на децата на Скопје" од ДКЦ –Карпош беше поканет да настапи со песните од последното ЦД издание. На наше големо задоволство, Центарот беше дел од Годишниот настан за доделување признание на најголемите поддржувачи на СОС Детско село. Привилегија беше да бидеш дел од овој настан. Со радост и во иднина ќе ги поддржуваме со нашето мото, Од деца за деца.






## 3.Ученичка квизотека - 2022/2023

ЈУ Детски културен центар-Карпош е организатор и реализатор на традиционалната Ученичка квизотека од општи знаења за сите основни училишта од Скопје и околината.

Ученичка квизотека започна со првиот циклус од септември 2022 година и трае до мај 2023 година. Во првиот циклус, низ 8 натпревари учествуваа 40 основни училишта од Скопје и околината.

Натпреварите беа од општи знаења и се одржаа 5 круга. Квизотеката е од со натпреварувачки карактер, а децата одговараа на прашања од областа на историјата, географија, хемија, физика, како и прашања од општа култура.

Децата кои се натпреваруваа на оваа интересна и поучна активност можеа да уживаат и да го проверат своето знаење.









## 4.Ликовен конкурс по повод 1 ви Април- *Априли ли ли*

Детски културен центар - Карпош, по повод 1 Април, денот на шегата во центарот реализираше изложба на тема „ Априли ли ли“.

ДКЦ - Карпош, распиша ликовен конкурс и го испрати во сите основни училишта во град Скопје. На конкурсот имаа можност да се пријаваат сите ученици од 5 - 9 одделение, а творбите беа на тема „ Априли ли ли“.На изложбата беа изложени ликовни творби, карикатури и рачно изработени маски од сите деца што се пријавија.

Како и секоја година така и оваа, децата од скопските училишта испратија прекрасни цртежи, карикатури и маски кои беа изложени во центарот, изложбата можеше да се посети 10 дена. Како мало, а значајно внимание, секое училиште за изработените творби доби благодарница.

Изложбата беше поставена во ДКЦ - Карпош на 01.04.2022 година во 12.00 часот. Покрај учениците кои ја посетија изложбата и уживаа во убавите цртежи, карикатури и маски, изложбата се прикажуваше и онлајн на ФБ страната на центарот и достигна гледаност од над 1000 следачи на ФБ страната на ДКЦ Карпош.

https://www.facebook.com/dkckarposh/videos/697095561468159











## 5.Ден на здравје - Крос трка

Детскиот културен центар – Карпош оваа година за прв пат на 7 ми Април ја организираше крос трката за Меѓународниот ден на здравјето.

Во оваа спортска манифестација учествуваа дечиња од градинките од градот и околината. Трката се одржа на тартан патеката во Градскиот парк со почеток во 11.00 часот и се трчаше на 250 м. во мешана категорија, момчиња, девојчиња. Покрај трката се одржа и штафетно трчање 200 метри 4х50 метри.

На оваа спортска манифестација пријавени беа 17 градинки со вкупна бројка од 170 учесници (85 момчиња и 85 девојчиња).

Целта на оваа манифестација беше да го одбележиме меѓународниот ден на здравјето и да испратиме порака ЗА ДОЛГ И ЗДРАВ ЖИВОТ, СПОРТУВАЈТЕ.

Спортувањето и здравиот начин на живеење ќе допринесе за долг и здрав живот.









## 6.Цртање на асфалт

ЈУ.Детски културен центар - Карпош и оваа година традиционално ја организираше манифестацијата „Цртање на асфалт“, во која учествуваат најмалите, односно децата од сите градинки од Скопје и околината. Оваа манифестација е посветена на денот на македонските просветители Св.Кирил и Методиј, кои се едни од најзначајните личности во македонската историја.

ДКЦ Карпош за оваа манифестација обезбеди материјали за цртање (креди во боја) и организираше пригодна програма, како и запознавање на децата кое е значењето и зошто се одбележува овој голем ден како празник. Децата од предучилишните установи, како и изминатите години можеа да ја изразат својата креативност со своите цртежи нацртани на асфалтот и кои беа по слободен избор.

Манифестацијата се одржа на ПЛОЧНИК на 23.05. 2022 година со почеток во 10.30 часот. На „Цртање на асфалт“ учествуваа 17 градинки со по 20 деца, 10 девојчиња, 10 машки.













## 7.Летно училиште за турски јазик заедно со Yunus Emre Enstitüsü - Skopje

Од 15 јули до 15 август се одржа летно школо по турски јазик во соработка со Yunus Emre Enstitüsü - Skopje. На наше големо задоволство се пријавија 20 деца и беа формирани 2 групи. Со ова летно школо децата продуктивно го поминаа летниот период, со можност одблизу да ја запознаат турската култура со различни активности и изучување на турскиот јазик.

Покрај активностите, изработка на Ебру арт дела, стрелаштво во Чифте Амам, час по турски, час по калиграфија, час по музичко со проф. Тимко Чичаковски, децата вкусија и прекрасната турска храна.

Во Чифте Амам децата имаа можност да ја погледнат извонредната изложба на Иванчо Талевски и инспирирани од неа создадоа свои дела. Вистинско уживање со Ебру уметност, децата секој ден учеа нови сликарски техники од Ебру арт. Во Даут Пашин Амам децата исто така имаа можност да ја погледнат изложбата на неповторливиот Кондовски.

Опис на еден прекрасен ден, полн со активности, одеше по овој редослед.

**- Децата на час по музичко ја пееја песната "Vardar Ovası", потоа час по турски јазик, а за крај го вкусија највкусното dürüm köfte и ayran.**

Летното школо беше полн погодок. Децата научија турски јазик, Ебру арт, калиграфија, стрелаштво, научија да свират дел од турската музика и се запознаа со музичките турски инструменти и ја пробаа и турската храна.  Одличен, полн со дружба и продуктивно поминат летен распуст кој на децата кои беа на ова летно школо ќе им остане во прекрасно сеќавање.










FEELINGS



## 8. Учество во хуманитарна манифестација – „Играме заедно"

На 25.09.2022 година од 11.00 часот, во Градски парк, се одржа хуманитарна манифестација под наслов „Играме заедно“ кој беше организиран од Аутизам Мк. Во рамките на настанот Детски културен центар „Карпош“ се придружи со своја активност, ,,Потрага по изгубеното богатство" која се одвиваше во лавиринтот во Градски парк. Во лавиринтот преку 100 деца имаа можност да учествуваат на овој интересен проект. Најнапред за влез во лавиринтот требаше да си ,,купат" билет, потоа поминуваа полигон со спортски реквизити и пред да влезат во лавиринтот следеше еден круг на тартан патеката околу лавиринтот со правилно крос трчање. Потоа на знак на инструкторот сите заедно влегуваа во лавиринтот за да го најдат богатството. Многу смеа и радост се ширеше низ лавиринтот, а за среќниот пронаоѓач имаше и награда. Во меѓувреме детскиот градски хор ,,Гласот на децата на Скопје" при ДКЦ-Карпош ја распеа и разигра публиката со својот репертоар од детски хорски песни.










## 9. Учество во „Бела ноќ“

На 01.10.2022 година во Зоолошката градина-Скопје во рамките на осумнаесетиот по ред проект „Бела ноќ“, кој е во организација на Универзална сала-Скопје, ДКЦ Карпош учествуваше со мултимедијалниот проект Зоо азбука. Со сите 4 изданија од овој мултимедијален проект, од децата на хорот „Гласот на децата на Скопје“ беа изведени сите 20 песни, напишани за животните кои живеат во Зоолошката градина во Скопје. На влезот, децата-посетители добија боенка и ЦД како спомен од оваа манифестација. Едукативниот центар во ЗОО беше полн со деца, посетители кои дојдоа да уживаат и да играат на сите 20 неснички изведени од хорот. Со оваа активност која се реализираше од ДКЦ Карпош, „Бела ноќ“ стана побогата и подобра за уште една активност наменета за најмалите-децата.








## 10.Концерт на класична гитара на Георги Трајков

Во Културно Информативен Центар - Салон 19/19 од 19.30 часот на 21.10.2022 година се одржа целовечерен концерт на Георги Трајков- класична гитара. Концертот се одржа за љубители на класична гитара - деца членови во секцијата за изучување класична гитара, ученици, студенти и поширока јавност. На концертот присуствуваше и заменик амбасадорот на Шпанија во РС Македонија.

Целта на концертот беше давање стимул и поддршка за изучување на класична гитара на децата и младите заинтересирани за овој вид на уметност. Програмата се состоеше од музички дела од познати автори, но и нумери во сопствен аранжман. Трајков маестрално ги одсвири, Rossen Balkanski-Nocturno, A.Barrios-Mangore-Un Dia di Noviembre, F.Tarrega - Capricho Arabe, A.Barrios- Mangore-Prelude in c minor, Walk Dance, Eleno kerko/Jovano Jovanke (arr. Georgi Trajkov), Roland Dyens-Tango en skai . На концертот како убаво изненадување за публиката беше и заедничкиот настап на Георги Трајков - класична гитара и Марко Младеновски кој свиреше на кларинет и кавал. Концерт за паметење, концерт во полна сала со публика и задоволни ученици и студенти по класична гитара.










## 11.Турнир во Пинг-Понг и Шах

Во ДКЦ Карпош во 2022 година се одржаа два турнира во Пинг-Понг и Шах. Првиот турнир се одржа на 26 Октомври во склоп на Неделата на родовата еднаквост помеѓу учениците од ООУ Ј.Х.Песталоци - Општина Центар и ООУ Лазо Ангеловски - Општина Аеродром. Вториот турнир се одржа на 15 Декември помеѓу ООУ „Вера Циривири Трена“ - Општина Гази Баба и ООУ „Љубен Лапе“ - Општина Аеродром. На турнирите заедно со своите ментори учествуваа по 20 деца–ученици од VIII и IX одделение. Одлични и фер турнири каде што сите излегоа победници.













## 12. Движи се за здравје

Во склоп на Европската недела на движењето што се одржува од 16.09 до 22.09.2022 год., Детскиот културен центар „Карпош“ на 21.09.2022 година ја организираше и реализираше манифестацијата „Движи се за здравје“, наменета за најмалите, децата од скопските градинки.

Манифестацијата е од забавно - рекреативен карактер и подразбира вежби за подобрување на моторичкиот развој кај децата од рана предучилишна возраст.

Од секоја градинка беа поканети да учествуваат по десет дечиња од најголемата група од градинките, кои работеа вежби соодветни за нивните години. На манифестацијата атракција беа малите весели велосипедисти и дечињата кои управуваа тротинет.

Беа поставени 9 полигони кои нудеа можност за различни активности и вежби за правилен раст и развој на младата популација. Со оваа манифестација предизвикавме задоволство, радост и среќа кај најмладите, а истовремено вградуваме вистински вредности за здрави навики. Сите заедно порачавме дека нашето здравје ни е најважно и затоа спортуваме.

Манифестацијата се одржа по осми пат на платото пред фонтаната Лотос во градскиот парк со почеток од 10:00 часот.













## 13. Го градам мојот град

Детскиот културен центар „Карпош“ и оваа година традиционално во чест на градот Скопје, со најмалите, децата од скопските градинки ја организираше и реализираше манифестацијата „Го градам мојот град“.

Оваа манифестација има за цел да ги истакне детските творечки способности, детската креативност, а воедно и поопширно да ги запознае децата, колку големо значење има празникот 13 Ноември за градот Скопје.

Оваа година на манифестацијата „Го градам мојот град“ учествуваа 14 градинки со по 25 деца.

На наша покана децата од скопските градинки од поголемите групи направија макети со значајни објекти од градот Скопје. Објектите кои ги одбраа да го изработат беа по нивен избор. Децата за изработка на макетитете употребиле природни материјали, лисја, каменчиња, дрвца, боици, картон и друго, а не ги изоставиле ни зрнестите продукти, како што се леќата, оризот и зрна грав. Од сите овие работи произлегоа навистина прекрасни макети со градби од Скопје. Бидејќи манифестацијата одеше во виртуелно издание, градинките испратија фотографии и видеа од изработката на макетите односно фотографии како децата внимателно и посветено ги изработуваат. Со добиениот материјал се направи видео запис кој се прикажа на ФБ страната и на YouTube каналот на ДКЦ „Карпош“ на 13 Ноември во 12.00 часот.

https://www.facebook.com/dkckarposh

https://www.youtube.com/watch?v=4MgqgL6Oz1U






MARVEL







## 14. Едукативна работилница за културно наследство

Месец Ноември беше месец на културата. По тој повод на 18 Ноември учениците од ООУ „Киро Глигоров“ –Центар беа гости во ДКЦ Карпош да го погледнат целиот објект. Посетата им беше дел од програмата за култура која ја одработуваат во текот на годината. Учениците од IV одделение имаа можност да научат за архитектурата и значењето на зградата како културно наследство. Исто така имаа презентација од етнолошки и етнокореолошки аспект, но се запознаа и со моменталната дејност на Центарот.









## 15. Punëtori etno - kreative

Më 5 dhjetor në SHFK "Vera Ciriviri Trena" - Komuna Qendër u mbajt punëtoria etno-kreative, ku nxënësit e klasës së dytë bënë bredhin e Vitit të Ri me motive etnologjike. Punëtoria përfshinte dy klasa me nga 30 nxënës secila. Fëmijët patën mundësinë të njihen me artin popullor maqedonas dhe ta bëjnë bredhin e Vitit të Ri duke përdorur fije dekorative, shirita, rruaza.











## 16.Изложба – Филип Циглењак Симоновски

Со почеток во 10.00 часот во ДКЦ „Карпош“ на 14.12. 2022 год. беше отворена првата изложба на слики на малиот, но голем уметник Филип Циглењак Симоновски. Изложбата беше отворена и можеше да се погледне до 27 Декември. Бора Акташ, со своја изведба на класична гитара ја отвори изложбата на Филип Циглењак Симоновски.

Изложбата ја посетија сопругата на Претседателот на државата, г-ѓа Елизабета Ѓорѓиевска и Министерката за труд и социјална политика г-ѓа Јованка Тренчевска, кои уживаа во прекрасните уметнички дела на малиот Филип и кој со радост и задоволство им раскажа за својата љубов кон цртањето.

Филип е ученик во четврто одделение при основното училиште „Ристо Крле“ во Кадино, а на своја четиригодишна возраст, сосема случајно, почнал да слика акрил на платно. Оттогаш, сликите на Филип, кој има аутизам, зборуваат со силни бои и носат наплив од емоции.

Изложбата ја организираа Детски културен центар „Карпош“, здружението „Во мојот свет“ и „Идеа лаб“.

Со оваа изложба, Филип  покажа колку е посебен, талентиран и единствен.









## 17.Фото конкурс – Мојот миленик

Оваа година ДКЦ Карпош го распиша и го реализираше четвртиот по ред фото конкурс за деца и млади на тема „Мојот миленик“. Конкурсот траеше еден месец за сите заинтересирани деца да се пријават на овој интересен, забавен и поучен конкурс. Конкурсот се распишува со цел да се поттикне свеста за грижа и љубов кон животните, да се мотивираат децата да чуваат миленици, да се научат на одговорност и да се подигне јавната свест кај децата и кај возрасните за начинот на чување на домашните миленици.

Децата кои имаат свои миленици, на нашата електронска пошта, имаа можност да пратат фотографии од своите миленици. Од сите пристигнати фотографии се направи видео запис, кој беше прикажан на 15.12.2022 година на ФБ страната и YouTube каналот на Центарот. Избраните миленици беа наградени со благодарници и подароци. Благодарници беа доделени за: најмодерно облечен миленик, насреќно семејство, најграциозен миленик, миленик со најдолги уши, најубава насмевка, највесел миленик, најраскошна грива, најсрамежлив миленик, најверен другар, најбушав миленик.







## 18.Предновогодишен јавен час-презентација на секциите на ДКЦ „Карпош“

Најубавото завршување на 2022 година исполнето со многу уметност на едно место. Децата-членови на секциите на ДКЦ-Карпош приредија вистинска радост за сите нас, за нивните родители и за многубројната публика. На предновогодишниот Јавен час, детскиот хор, фолклорната секција, балет, ликовно, музичката-изучување на класична гитара покажаа што сѐ научиле на часовите кои ги посетуваа во текот на годината.

На 21.12.2023 година, во кино Фросина-МКЦ, со почеток во 19.30 часот, започна вистинско уживање. Публиката уживаше во пируетите на малите балерини, танците и ората изиграни од малите играорци, во прекрасните цртежи изложени на изложба во фоајето, во свирењето на малите класичари-гитаристи и за крај во песните испеани од децата од хорот при ДКЦ Карпош, „Гласот на децата на Скопје“. Прекрасна вечер, прекрасна изведба, прекрасна публика, децата на Карпош имаа што да покажат и да ја кренат публиката на нозе.






FESTIVAL






КАРПОШ



# III. КАПИТАЛНИ ИНВЕСТИИЦИИ ОД ГРАД СКОПЈЕ

## 1. Изработка на основен проект за санација и реконструкција на ДКЦ – Карпош

ЈУ. Детски културен центар – Карпош, согласно потребата за „ Изработка на основен проект за санација и реконструкција“ на ДКЦ – Карпош, спроведе постапка за јавна набавка и како најповолен понудувач се јави проектантското биро ЕДНА од Скопје. Најнапред се пристапи со писмено известување до фирмата за итно започнување на реализацијата на набавката. Во предвидениот рок согласно тендерската документација, проектантското биро кое беше избрано и со кое беше склучен договор, го достави целокупниот основен проект кој беше предмет на јавната набавка според спецификација.





**2. Санација и реконструкција на сутерен и спрат од објект на ДКЦ - Карпош**

ЈУ. Детски културен центар – Карпош, согласно потребата за „ Санација и реконструкција на сутерен и спрат од објект“ на ДКЦ – Карпош, спроведе постапка за јавна набавка и како најповолен понудувач се јави фирмата Макаус од Скопје. Најнапред се пристапи со писмено известување до фирмата за итно започнување на реализацијата на набавката. Во предвидениот рок согласно тендерската документација, фирмата која беше избрана и со која беше склучен договор, ја реализираше работата која беше предмет на јавната набавка според основниот проект.












# IV.СТАТИСТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА УЧЕСНИЦИ

## 1. СТАТИСТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ПРОГРАМА ПОДДРЖАНА ОД ГРАД СКОПЈЕ ЗА 2022 ГОДИНА









**2.СТАТИСТИЧКИ ПРЕГЛЕД И СПОРЕДБА ПО ГОДИНИ НА ВНАТРЕШНИ АКТИВНОСТИ РЕАЛИЗИРАНИ ОД ДКЦ - КАРПОШ**

ИГРАМ И ПЕЈАМ ЗА МОЈАТА МАЈКА - Честитка за 8 ми Март

Учество на 20 градинки со по 30 деца, 15 девојчиња, 15 машки - Вкупно 600 деца



УЧЕНИЧКА КВИЗОТЕКА 2022

Учество на 40 основни училишта по 3 учесници: 120 учесници- 65 девојчиња, 55 машки




ДЕН НА ЗДРАВЈЕ – КРОС ТРКА

Учествуваа 17 градинки, 5 машки, 5 девојчиња- вкупно 170




ЦРТАЊЕ НА АСФАЛТ

Учество на 17 градинки со по 20 деца, 10 девојчиња, 10 машки- Вкупно 340 деца



ДВИЖИ СЕ ЗА ЗДРАВЈЕ

Учество 20 градинки со 10 деца , 5 девојчиња и 5 машки  вкупно 200




ГО ГРАДАМ МОЈОТ ГРАД

Учество на 14 градинки со по 25 деца, 10 девојчиња, 10 машки- Вкупно 350 деца



БАЛЕТСКА СЕКЦИЈА

Вкупно 64 девојчиња




ИГРАОРНА СЕКЦИЈА

Во две групи; мала група 24 деца, 23 девојчиња, 1 машко, голема група 63 деца, 59 девојчиња, 4 машки-Вкупно 87 деца



ХОР- СЕКЦИЈА

Вкупно - 20 членови, 18 девојчиња, 2 машки




ЛИКОВНА СЕКЦИЈА

Во 2 групи; мала група 20 деца, 15 девојчиња, 5 машки, голема група 15 деца, 10 девојчиња, 5 машки ) –Вкупно 35 деца




МОЈОТ МИЛЕНИК

Учество на 15 учесници - 10 девојчиња, 5 машки –Вкупно 15 деца



# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ НА

# ЈУ.ДЕТСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР – КАРПОШ

СКОПЈЕ, 2023

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ
# за периодот 01.01 - 31.12.2022
# за буџетската сметка 7850109628-903-10
# при ЈУ. Детски културен центар – Карпош

Остварени приходи од Град Скопје

741111- Трансфери од други нивоа на власт ................... 6.492.352

Образложение на ставка:

(Оваа ставка подразбира средства кои се добиени наменски од Град Скопје за плати и надоместоци за десет вработени и одобрена блок дотација за 2022 година)

Вкупно расходи:

По конта:

401- Нето плати и надоместоци .............................. 4.082.100

402 - Придонеси за социјално осигурување ..............1.588.202

421 – Комунални услуги, греење и друго........................759.000

464 – Разни трансфери.................................................. 63.050

(Отпремнина за пензионирање)

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ
## за периодот 01.01 - 31.12.2022
## за буџетската сметка 7850109628-787-15
## при ЈУ. Детски културен центар – Карпош, Скопје

Вкупно остварени приходи по групи:

723- Такси и надоместоци .................................. 695.210

(Ова ставка подразбира приходи кои се остварени по пат на уплата на членарина по секции во институцијата од областата на културата, закупнина од објектот)

725 – Останати неданочни приходи .......................... 414.653

(Оваа ставка подразбира приход од исплата на штета од осигурување)

741 – Пренесено салдо од 2021 година ......................134.138

Вкупно трошоци по конта:

420 - Патни и дневни расходи............................. 31.251

(Оваа ставка подразбира патни трошоци за присутво на обуки)

421- Регистрација на моторно возило.............................6.470

(Оваа ставка подразбира регистрација на службено моторно возило)

423 – Материјали и ситен инвентар ..............................108.817

(Оваа ставка подрзабира канцелариски материјали за потребите на институцијата, прехрамбени продукти и средства за хигиена спроведени по пат на јавна набавка и материјали за разни поправки: рачки, сијалици, силикон, мрсна боја, штрафови, типли, шајки,закачалки....)

424 – Поправки и тековно одржување ............................ 61.389

( Оваа ставка подразбира редовна дезинсекција, дезинфекција и дератизација на објектот, месечно одржување на платформата за лица со посебни потреби и редовно одржување на противпожарен систем, одржување на ПП апарати)

425 – Договорни услуги .............................................. 405.999

( Оваа ставка подразбира осигурување на недвижности, осигурување на целокупниот објект, осигурување на службено возило и осигурување на вработените, правни услуги и хонорари за ангажирани лица за одржување на секции)

426 – Други тековни расходи ).......................................... 109.216

(Оваа ставка подразбира објавување на огласи за јавни набавки, семинари, камати за плата, уплата за завршна сметка)

464 – Разни трансфери............................................... 452.429

(Оваа ставка подразбира уплата за ЦИП бројчиња од Универзитетска библиотека за книги, каталози во издание на ДКЦ Карпош и авторски хонорари за ангажирани лица за потребите на центарот)

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ
## за периодот 01.01 - 31.12.2022
## за буџетската сметка 7850109628-603-18
## при ЈУ. Детски културен центар – Карпош, Скопје

Остварени приходи од Град Скопје по сите основи

741111- Трансфери од други нивоа на власт ................. 10.385.617

Образложение на ставка:

(Оваа ставка подразбира средства кои се добиени наменски од Град Скопје за плати и надоместоци за тројца вработени, средства за реализација на одобрена програма за 2022 година, наменски надоместок за членови на Управен и Надзорен одбор за 2022 година и реконструкција на деловен објект).

Вкупно расходи:

По групи:

401- Нето плати и надоместоци .............................. 1.110.475

402 - Придонеси за социјално осигурување................. 430.621

425 – Договорни услуги ............................................ 434.474

(Наменски надометок за членовите од Управен и Надзорен одбор за 2022 година).

464 – Други оперативни расходи ............................ 4.905.517

(Реализација на одобрена програма за 2022 година)

481 – Реконструкција на деловни објекти.................. 3.504.530

(Подготвување на основен проект и реконструкција на деловен објект спроведени по пат на јавна набавка)

ВД Директор

д-р Билјана Лалчевска Серафимовска